**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ – КЛАРИНЕТ (ЧАЛГИЈА) И ИМПРОВИЗАЦИЈА НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр**.** 1402 – 57/8 од 19.3.2018 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Музичката академија, одржана на 19.3.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање асловен доцент за наставно-научните области в**идови на инструменти – кларинет (чалгија) и** и**мпровизација** на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

- проф. д-р Родна Величковска, научен советник при Институт „Марко Цепенков“ во Скопје од наставно-научната област вокална народна музика, претседател;
- проф. д-р Владимир Јаневски, вон. проф. од наставно-научната област методика на настава по народни ора, наставник на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
- проф. м-р Антонијо Китановски**,** вон. проф од наставно-научната област видови на инструменти – џез гитара и џез композиција, наставник на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 14.2.2018 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат:

м-р Благојче Трајковски.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**М-р Благојче Трајковски** е роден на 24.8.1982 година во Битола, Р. Македонија. Образованието како кларинетист го започнува во Средното музичко училиште во Битола, а потоа продолжува на Факултетот за музичка уметност во Скопје, каде што дипломира во 2005 година и магистрира во 2009 година.

Од 2008 година е вработен во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ во Скопје како професор по кларинет. Последните години со своите ученици успева да освои многу награди и педагошки признанија не само во Македонија, туку и надвор од неа. Трајковски исто така бил во жири-комисии на многу државни и меѓународни натпревари и фестивали. Паралелно со тоа во последниве десетина години како солист успева да реализира многу аудио и видео записи во рамките на продукцијата на Македонската Радио Телевизија. Години наназад м-р Благојче Трајковски е водечки инструменталист на познатите групи „Фонтана“ и „Љубојна“. Исто така, тој е инструменталист на познатата пејачка Каролина Гочева и се докажува и ја зачувува македонската традиционална чалгиска култура.

Од областа на народната музика како посебно остварување за Трајковски е гостувањето во Софија, Р. Бугарија, каде што настапува на концертот „РИТАМОТ НА БАЛКАНИТЕ“ во организација на Оркестарот за народна музика при БНР и диригентот Димитар Христов.

Од 2017 година хонорарно е ангажиран како стручен соработник по кларинет на Отсекот за чалгиска музика при Музичката академија во Штип.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент***

1. Магистрира на УКИМ – Скопје, Факултет за музичка уметност – Скопје и се стекнува со назив: магистер по кларинет, со просек 8.40.
2. Дипломира на УКИМ – Скопје, Факултет за музичка уметност, и се здобива со диплома: дипломиран кларинетист, со просек 8,50.
3. Изведба на пет целовечерни концерти (во земјава или во странство).

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Датум на изведба на концертот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Благојче Трајковски | Целовечерен концерт | „Илинденски денови" – Хераклеја – Битола | 2012 |
| 2 | Благојче Трајковски | Целовечерен концерт | „Од нашата душа" **-** ЦК- Битола | 2015 |
| 3 | Благојче Трајковски | Целовечерен концерт | „Фестивал на музика од светот" – Центар за Култура-Битола | 2017 |
| 4 | Благојче Трајковски | Целовечерен концерт | „Ритамот на Балканите" – сала Бугарија – Софија | 2017 |
| 5 | Благојче Трајковски | Целовечерен концерт | YAN YEAN Theatre –Мелбурн, Австралија | 2018 |

4. Препораки од двајца вонредни професори од соодветната научноуметничка област за која се избира. (во прилог).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Од 2017 година м-р Благојче Трајковски работи како хонорарен професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и предава кларинет (чалгија).

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Во текот на периодот од 2009 год. до 2018 год. м-р Благојче Трајковски има реализирано повеќе од 40 концертни активности во земјава и во странство.

Сите настапи се соодветно документирани и верифицирани и се приложени кон апликацијата.

Кандидатот м-р Благојче Трајковски е активен на полето на концертната активност како солист, но исто така тој има голем ангажман и со малите камерни групи и големи оркестри. Посебно во неговата актива се препознава големата педагошка актива каде што тој има добиено голем број награди кои ја укажуваат неговата професионалност и посветеност кон работата. М-р Трајковски учествува исто така и во поголем број жири-комисии, но тој се појавува и како инструменталист во неколку театарски претстави и филмови, кои ја заокружуваат неговата уметничка актива.

***Награди и признаија:***

1. Државен натпревар на млади музичари во организација на ЗДНМБУ „Хармонија-МБ"– Скопје, мај 2013 г.
- Прва награда – Рикардо Хуна
- Прва награда - Димитар Саздов.
2. Меѓународен натпревар за солисти „Охридски бисери" – Охрид, јуни 2013 година
- Прва награда – Рикардо Хуна.
3. Меѓународен натпревар за камерна музика - Кавадарци, ноември 2013 година
- Прва награда – Трио кларинети (Рикардо Хуна, Горјан Арсовски, Димитар Саздов).
4. Меѓународен натпревар за солисти –Уб, Р.Србија, април 2014 г.
- Прва награда – Рикардо Хуна
- Прва награда – Горјан Арсовски.
5. Државен натпревар на млади музичари во организација на ЗДНМБУ „Хармонија-МБ" – Скопје, мај 2014 г.

- Специјална награда – Рикардо Хуна
- Прва награда – Горјан Арсовски.

6. Државен натпревар на млади музичари во организација на МУЗИЧКИ И БАЛЕТСКИ ПЕДАГОЗИ НА МАКЕДОНИЈА, Скопје, декември 2014 г.
- Специјална награда – Рикардо Хуна
- Прва награда – Горјан Арсовски
- Втора награда – Синиша Зукиќ.

7. Меѓународен натпревар за камерна музика – Кавадарци, ноември 2014 година
- Прва награда – дуо кларинети (Рикардо Хуна, Димитар Саздов).

8. Државен натпревар на млади музичари во организација на ЗДНМБУ „Хармонија-МБ“ – Скопје, мај 2015 г.
- Специјална награда – Рикардо Хуна.

9. Меѓународен натпревар за солисти „Охридски бисери“ – Охрид, јуни 2015 година
- Прва награда – Рикардо Хуна
- Втора награда – Горјан Арсовски

10. Државен натпревар на млади музичари во организација на ЗДНМБУ „Хармонија-МБ“ – Скопје, мај 2016 г.
- Специјална награда – Рикардо Хуна.

11. Меѓународен натпревар за солисти „Охридски бисери“ – Охрид, јуни 2017 година
- Втора награда – Рикардо Хуна.

12. Меѓународен натпревар за солисти „SAXCLAR“ – Скопје, ноември 2017 година
- Прва награда – Рикардо Хуна
- Прва награда – Горјан Арсовски.

13. Меѓународен натпревар за камерна музика – Кавадарци, ноември 2018 година
- Специјална награда – дуо кларинети (Рикардо Хуна, Горјан Арсовски).

**Член на жири-комисија:**

1. Државен натпревар за млади музичари – Скопје (2014, 2015 и 2017 година);
2. Меѓународен музички фестивал ОХРИД ТЕ САКАМ - 2015 година;
3. Меѓународен натпревар за камерна музика - Кавадарци – 2016.

**Концертна активност**

**Соло изведби:**

- Концерт „Една поинаква вечер“ – ЦК - Битола (2011);
- Затворање на „Илинденски денови“ – Хераклеа – Битола (2012);
- Фестивал на музика од светот – Центар за култура – Битола (2012);
- Концерт „ Музика на дланка“ – Универзална сала – Скопје (2014);
- Концерт – Центар за култура - Битола (2014);
- Концерт „Од нашата душа“ **-** ЦК- Битола(2015)
- Фестивал на музика од светот – Центар за култура - Битола (2017);
- Концерт „Ритамот на Балканите“ – сала Бугарија – Софија (2017);
- Концерт – YAN YEAN Theatre – Мелбурн, Австралија (2018).

**Изведба со групи:**

- Off Fest – Скопје (2009) – Концерт „Песна за мојата песна“ – МОБ;
- Илинденски денови – Хераклеја – Битола (2012);
- Концерт „Brass Fantasy“ – Универзална сала – Скопје (2012);
- Концерт „Brass Fantasy“ – Универзална сала – Скопје (2013);
- Концерт „ Музика на дланка“ – Универзална сала – Скопје (2014);
- Концерт „ Музика на дланка“ – Центар за култура - Битола (2014);
- Концерт „ Шербет Љубојна“ – Хераклеја - Битола (2015);
- Концерт „ Музика на дланка“ СРЦ „Борис Трајковски“ – Скопје (2016);
- Концерт „Радио Љубојна“ – Дом синдиката – Белград (2017);
- Фестивал на музика од светот – Центар за култура - Битола (2017);
- Концерт „Радио Љубојна“ – YAN YEAN Theatre – Мелбурн, Австралија (2018);

- Концерт „Македонско девојче“ – Универзална сала - Скопје (2009);
- Фестивал на музика од светот – Центар за култура – Битола (2012);
- Концерт „Македонско девојче“ – СРЦ „Борис Трајковски“ – Скопје (2014);
- Концерт „Македонско девојче“ – Хераклеја - Битола (2015);
- Концерт „ Македонско девојче“ – Антички театар - Охрид (2015);
- Концерт „Македонско девојче“ – Коларац - Белград (2015);
- Концерт „Извор“ – МОБ - Скопје (2018).

**Издавачка дејност (CD)**

1. *Фолклорна фантазија* – солистички албум на Благојче Трајковски (македонски ора на кларинет) - 2010.
2. *Македонски ора*, Благојче Трајковски – 2014.
3. *Гласот на мојата душа* (сет од 4 аудио ЦД) – Авторски ора на Стојан Трајковски, солист на кларинет и продуцент Благојче Трајковски - 2014.
4. *24 Македонски ора за кларинет* во рамките на Музичката продукција на МРТВ, за потребите за Радио и ТВ програма.

**Народен оркестар на МРТВ**:

1. *Фолк фест Валандово* - 2014, 2015 и 2017 година.
2. *Фолк фест Цветници* - 2015 и 2016 година.
3. Македонски патриотски песни „Непокор 1“ (2015) и „Непокор 2“ (2016).

**Група „ЉУБОЈНА“:**

- **„**Macedonia fresh“ **–** 2009;
- „Песна за мојата песна“ – 2011;
- „Brass fantasy“ – 2012;
- „Радио Љубојна“ – 2016;
- „Macedonian wedding songs“ – 2014;
- „Шербет Љубојна“ – 2015.

**Изведба на музика за театарски претстави:**

- „Кралот Иби“ – Битолски народен театар;
- „Солун град на духови“;
- „Ајнштајнови снови“ – Југословенско драмско позориште – Белград.

**Изведба на музика за филмови:**

- **„OKJA“ –** Корејски филм со холивудска копродукција.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната детално наведена професионална активност на кандидатот м-р Благојче Трајковски се заклучува дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област видови на инструменти кларинет (чалгија) и импровизација на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, согласно со Законот за високото образование на Република Македонија и Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатот преку остварените досегашни активности покажа спсобности за развивање на наставно-образовна дејност, за стручно-уметнички активности преку активно концертирање, како и организациско-развојни дејности.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и го избере кандидатот м-р Благојче Трајковски во звање насловен доцент за наставно-научната област видови на инструменти *кларинет* (чалгија) *и импровизација* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Родна Величковска, научен советник на**
**Институт „Марко Цепенков“ во Скопје, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Јаневски, вон. проф. на Музичка академија,**
**Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член, с.р.**
**Проф. м-р Антонијо Китановски, вон. проф на Музичка академија,**
**Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 66 | 30 |
| 2 | Одбранет магистерски труд | 4 | / |
| 3 | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 3 | / |
| 4 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | 60 | 10 |
| | ВКУПНО | | 173 |